РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-914/3
23-06-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 33-тата седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-1988/1 од 18.07.2025 година, оформен по сопствена иницијатива, **СЕ ЗАПИРА.**

Државната комисија констатира дека наводите за неправилности поврзани со извршени исплати од Министерството за /// на Република Северна Македонија по основ на договори за дело се потврдуваат, поради што ќе иницира постапка до надлежен орган, согласно со чл.17 точка 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1988/1 од 18.07.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1988/1 од 18.07.2025 година е оформен врз основа на донесен заклучок на состанокот на колегиумот на Државната комисија за спречување на корупцијата одржан на ден 16.07.2025 година, за започнување на постапка во врска со објавени наводи во медиумите за неправилности поврзани со извршување на работни задачи за Министерството за /// врз основа на договор за дело од страна на ///, поранешен министер за ///, додека ја вршел функцијата директор на ///.

Наводите од медиумските објави се однесуваат на сомневање за склучен договор за дело помеѓу Министерството за ///, застапувано од министерот за /// /// и ///, директор на /// и поранешен министер за ///, за извршување на работни задачи за потреби на Министерството во периодот од јули до декември 2024 година, за што

Министерството имало обврска на /// да му исплатува надомест во износ од 1000 евра месечно.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, Државната комисија достави барања за доставување податоци и информации до Министерството за ///.

Од увидот во податоците, информациите и документацијата доставени на барање на Државната комисија, утврдена е следната фактичка состојба:

По престанување на вршењето на функцијата министер за /// којашто ја извршувал во периодот од /// година до /// година, /// бил именуван за вршител на должноста директор на /// во периодот од /// година до /// година, кога бил именуван на функцијата директор на /// – функција што ја извршувал до /// година.
Додека /// бил вршител на должноста директор на ///, на /// година, помеѓу него во својство на извршител и Министерството за /// застапувано од министерот за /// ///, во својство на нарачател, бил склучен договор за дело бр. /// од /// година.
Согласно со овој договор, извршителот бил обврзан работата да ја извршува секој работен ден, според описот и природата на работата, постапувајќи според упатствата на нарачателот и актите и внатрешните правила на нарачателот, а во согласност со нормативите и стандардите за овој вид работа, и тоа да ги врши следните работи/ услуги: да ги прима, распределува и координира работите во врска со материјали поврзани со ///; да го следи извршувањето на задачите од страна на организационите единици за кои е дадено задолжение; да врши проверка на содржината на материјалот доставен од организационите единици; да го информира министерот и да даде сопствено мислење за содржината наведена во дадените материјали; да врши спроведување на материјалите до надлежните организациони единици и надлежни органи.
Според одредбите на овој договор, /// бил ангажиран за периодот од /// година до /// година, за договорен надомест во нето износ од 60.000 денари месечно.
Видно од содржината на договорот, за склучувањето на овој договор била добиена согласност од Министерството за финансии (бр./// од /// година) во која Државната комисија нема извршено увид.

Помеѓу /// во својство на извршител, и Министерството за /// застапувано од министерот за /// ///, во својство на нарачател, бил склучен и Договор за дело бр./// од /// година, во кој како период на ангажирање е наведен период од /// година до /// година. Со овој договор бил утврден надомест во нето износ од 60.000 денари

месечно, а работите кои согласно овој договор извршителот бил обврзан да ги извршува се идентични со работите кои се предмет на договорот за дело бр./// од /// година склучен за периодот од /// година до /// година.
Како и со првиот договор и со овој договор извршителот бил должен работата да ја врши секој работен ден и задолжително да се евидентира на електронскиот систем за евиденција на работното време при влез и излез од работното место и секој месец да доставува месечен извештај за присуство до секторот за управување со човечки ресурси, како и месечен извештај за сработените активности со нивно точно прецизирање.
Видно од содржината на договорот, и за склучувањето на овој договор била добиена согласност од Министерството за финансии (бр./// од /// година) во која Државната комисија нема извршено увид.

Од документацијата доставена до Државната комисија од страна на Министерството за /// може да се утврди дека кон /// биле исплатени вкупно 367.174 денари, од кои во текот на 2024 година биле исплатени вкупно 301.957 денари, а во текот на 2025 година биле исплатени вкупно 65.217 денари. Динамиката на исплата и поединечно исплатените износи упатуваат на тоа дека исплатите се извршени врз основа на посочените договори за дело.

Министерството за /// ја извести Државната комисија дека извршителот /// до Министерството за /// нема доставено извештаи за извршената работа.

Од фактичката состојба што ДКСК ја утврди врз основа на извршениот увид во податоците, информациите и документацијата кои во текот на нејзиното постапување по предметот беа доставени од Министерството за /// може да се констатира следното:

Во периодот на склучување и во периодот на важност на двата договора за дело склучени помеѓу /// и Министерството за ///, /// ја извршувал функцијата вршител на должноста директор на ///, којашто подразбира извршување на работни задачи со полно работно време. Видно од содржината на договорите на дело, ///, во својство на извршител, работите за потребите на Министерството за /// кои се предмет на овие договори бил должен да ги извршува секој работен ден и до секторот за управување со човечки ресурси да доставува месечен извештај за присуство, како и месечен извештај за сработените активности со нивно точно прецизирање.

Државната комисија цени дека од формулацијата на работите/ услугите кои се предмет на договорите за дело не може јасно да се утврди нивната содржина. Воедно, Државната комисија цени дека ваквата формулација не упатува на вршење на здравствена, научно-истражувачка или образовна дејност која здравствениот работник, односно здравствениот соработник кој е именуван за директор на јавна здравствена установа е дозволено да ја врши согласно одредбите на Законот за здравствената заштита.

Имајќи предвид дека извршителот /// до Министерството за /// не доставил месечен извештај за сработените активности, ниту месечен извештај за присуство, а Министерството нема податоци за евиденција на неговото работно време при влез и излез, утврдената фактичка состојба упатува на сомневање дека работите кои се предмет на договорите за дело реално не биле извршени, а средствата од Министерството за /// кон извршителот /// биле неосновано исплатени.

Поради тоа, Државната комисија оцени дека постојат услови за иницирање на постапка пред надлежен орган, поради сомневање за сторени дејствија со кои е остварена имотна корист на штета на буџетот на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, Државната комисија констатира дека наводите за неправилности поврзани со извршени исплати од Министерството за /// по основ на договори за дело склучени со ///, се потврдуваат, поради што ќе иницира постапка до надлежен орган, согласно со чл.17 точка 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Од погоре изнесените причини, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Претседател,**
**Адем Чучуљ**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: С.С.М. ,член на ДКСК